**20120982545**

## СПОГОДБИ

Врз основа на член 228 став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12) и член 277 став (2) од Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 126/10), Министерството за внатрешни работи и Македонскиот полициски синдикат, склучија

### СПОГОДБА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Важноста на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, склучен на 14 септември 2010 година и објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.126/10, се продолжува за време од две години, сметано од 15 септември 2012 година.

Член 2

Оваа Спогодба се регистрира во Министерството за труд и социјална политика и се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 0101-323/1
23 јули 2012 година
Скопје

Бр. 121-43822/1
16 јули 2012 година
Скопје

Македонски полициски синдикат
Претседател,
**Тихомир Климоски**, с.р

Министерство за внатрешни работи
Министер,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р